Врз основа на член 131 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 6/16, 53/16 И 189/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 18.7.2017 година, донесе

# ТРЕТ АКЦИОНЕН ПЛАН

# ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2016 ДО 2018 ГОДИНА

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Директивата 2006/32/ЕК на Европскиот парламент и на Советот за ефикасност кај крајната потрошувачка на енергија и за енергетски услуги (ДЕУ) предвидува земјиште членки да подготват три национални акциони планови за енергетска ефикасност (АПЕЕ) за периодот од 2008 до 2016 година и истите да ги достават до Европската комисија. Република Македонија, како договорна страна на Договорот за основање на енергетската заедница, исто така, има обврска да подготви АПЕЕ поради подоцнежното пристапување во овој процес за периодот од 2010 до 2018 година. Правната основа за подготовка на АПЕЕ е дефинирана во Законот за енергетика[1], во кој се транспонирани барањата од ДЕУ. Вториот Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија (во понатамошниот текст: втор АПЕЕ) ги содржи мерките и активностите за периодот од 2013 до крајот на 2015 година и потоа третиот АПЕЕ кој се подготвува за периодот од 2016 до 2018 година.

Третиот АПЕЕ е изготвен врз основа на барањата од член 14.1 од Директивата 2006/32/ЕК на Европскиот парламент и на Советот за ефикасност на крајната потрошувачка на енергија и на енергетските услуги, со особено усогласување со барањата од Директивата за енергетска ефикасност (2012/27/ЕУ), како Директива кој треба да биде транспонирана во периодот на имплементација на третиот Национален акционен план за енергетска ефикасност. Понатаму, законодавство на Енергетската заедница ги вклучува и Директивите 2010/31/ЕУ[2] и 2010/30/ЕУ[3]. Искористен е препорачаниот модел кој ја обезбедува рамката за изготвување на овој документ, а кој е подготвен од Европската комисија и Заедничкиот истражувачки центар за земјите-членки на Европската унија. Изготвувањето на третиот АПЕЕ за Република Македонија се заснова на моделот усвоен од Секретаријатот на Енергетската заедница за потребите на договорните страни. Согласно предложеното упатство и модел, третиот АПЕЕ содржи:

- Евалуација на имплементацијата на вториот АПЕЕ, и;
- Предлог мерки за секторска енергетска ефикасност, чија имплементација ќе придонесе кон намалување на крајната потрошувачка на енергија, како и мерки на страната на производство, пренос и дистрибуција на енергија, кои исто така треба да придонесат кон значителни заштеди на примарна енергија за периодот 2016-2018.

---

[1] Закон за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15)

[2] Директива за енергетски карактеристики на згради (ДЕКЗ)

[3] Директива за енергетски карактеристики на зградите (ДЕКЗ) и Директивата за означување и стандардните информации за потрошувачката на производите и другите производи што се потрошувачи на енергија, како и збирот директиви/делегирани акти

Националната рамка за заштеди во крајната потрошувачка на енергија, усвоена заедно со вториот АПЕЕ предвидува 80.06 ktoe до 2015 година. Врз основа на анализата на остварените заштеди на енергија, кои се засноваат на расположливите статистички податоци, беше констатирано дека во 2015 година планираните цели беа остварени.